РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 01-191/1
17.02 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 28 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), директорот на НУ Музеј на македонска борба за самостојност - Скопје, на 17.02.2026 година донесе:

П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје со архивски број 01-830/1 од 13.10.2022 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со арх.бр.01-830/4 од 13.12.2022 година Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со арх.бр.01-238/1 од 07.04.2023 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје со арх.бр.01-951/1 од 05.12.2023 година Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со арх.бр.01-91/1 од 18.01.2024 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со арх.бр.01-636/1 од 20.06.2025 година и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со арх.бр.01-1349/1 од 18.12.2025 година.

Член 2

Во Глава II Распоред и опис на работните места, член 6 став 2 се менува и гласи:

Ниво Д3 - стручни работници во заштитата на културното наследство - кустос, документатор, водич, едукатор, библиотекар, конзерватор – 17.

Член 3

Во Глава II Распоред и опис на работните места, член 6 став 3 се менува и гласи:

Ниво Б2 - работници за одржување на објектите и за одржување на хигиената во објектите - друг работник за одржување на објектите - 4

Член 4

Во Глава III ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ- СКОПЈЕ, СТРУЧНА СЛУЖБА, во точка 7 Одделение за стручно технички работи и конзервација, работното место под реден број 31 со назив на работно место Конзерватор, со шифра КУЛ 03 04 Д03 003 со број на извршители 1 се брише.

Член 5

Во Глава III ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ-СКОПЈЕ, АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА, во точка 4 Одделение за одделение за одбрана, заштита и општо одржување по работното место под реден број 14 со назив на работно место Хигиеничар во објектот Порта Македонија, со шифра КУЛ 04 01 Б03 001 се додава ново работно место под реден број 14 -а кое гласи:

Реден број	14-а
Шифра	КУЛ 04 01 Б03 003
Ниво	Б03
Звање на работно место	Друг НКВ работник за оддржување на објектите
Назив на работно место	Друг НКВ работник за оддржување изложбениот инвентар на музејот
Број на извршители	1
Вид на образование	Основно образование
Други посебни услови	/
Работни цели	Редовно и навремено одржување на изложбениот инвентар
Работни задачи и обврски	- Редовно прегледување и одржување на изложбениот инвентар; - Го известува непосредно препоставениот раководител доколку е потребно да се изврши поправка или замена на оштетени делови на изложбениот инвентар; - Учествува во поставување на легенди, форекси и сл - Асистира при организирање на отворања на изложби и други настани; - Води основна евиденција за состојбата и интервенциите на изложбениот инвентар.

Одговара пред	Раководител на одделение

Член 6

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст во Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила осмиот денот на донесувањето и објавувањето на огласна табла во Музејот, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерство за јавна администрација.

Архивски број: 01- 191/1

Датум: 17.02.2026 година

в.д. директор

Анче Илиевска

Прилог 1

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ - СКОПЈЕ

Ниво- административни службеници	**Систематизирани работни места**	**Пополнети работни места**
Б4	4	
В1	2	2
В3	3	3
В4	2	1
Г1	1	1
Г4	1	
Вкупно	**13**	**7**
Ниво - даватели на услуги	**Систематизирани работни места**	**Пополнети работни места**
Д1	2	1
Д2	2	1
Д3	17	16
Г3	2	2
Вкупно	**23**	**20**
Ниво-помошно-технички лица	**Систематизирани работни места**	**Пополнети работни места**
ниво А1	5	5
ниво Б1	2	1
ниво Б2	3	3
ниво Б3	4	2
Вкупно	**14**	**11**
Се вкупно вработени	**50**	**38**